# Детски додаток

## Обезбедување на право за детски додаток

За покривање на дел од трошоците во подигањето и развојот на детето се обезбедува детски додаток како паричен надоместок.

Право на детски додаток има еден од родителите на детето или старател на детето кој е вработен, корисник на пензија, корисник на постојана парична помош, невработено лице кое зема паричен надоместок, земјоделец обврзник на данок на приход кој врши земјоделска дејност како единствено и главно занимање и занаетчија кој врши стари занаети или занаети кои се дефинирани, и има постојано место на живеење во Р. Македонија ако:

- Детето е државјанин на Р.Македонија;
- Детето е на школување во Р.Македонија;
- Детето не е државјанин на Р.Македонија, но ова право му е уредено со меѓународен договор помеѓу Р.Македонија и земјата од која детето има државјанство.

Странски државјанин има право на детски додаток ако ова право е уредено со меѓународен договор, т.е. при услови на реципроцитет со матичната земја на странскиот државјанин во Р.Македонија.

Детскиот додаток се остварува во зависност од возраста на детето и материјалната состојба на семејството.

Право на детски додаток има еден од родителите на детето до наполнување на 15 години возраст, а за постари деца ако се школуваат додека имаат статус на редовен ученик. Исто така право на детски додаток има еден од родителите на дете кое поради болест или повреда е спречено редовно да ја посетува наставата и заради таквата спреченост вонредно го продолжува образованието согласно со закон.

Материјалната состојба на семејството се утврдува врз основа на приходите и примањата кои ги остварува семејството и бројот на членови во семејството. Висината на приходите и примањата кои ги има семејството, не треба да ја надминува сумата од 2530 денари по член, за да се добие право да се оствари детски додаток.

Детски додаток следува за сите деца кои родителот ги издржува и тоа: деца родени во брак или вон брак, посвоени деца, посиноци, внуци без родители кои се земени на издржување, малолетни браќа и сестри, како и други деца земени на издржување.

За деца земени на издржување детски додаток следува за старателот кој ги издржива ако:

- Родителите им се наполно или трајно неспособни за работа;
- Се на издржување на казна затвор;
- Им е одземено родителското право;
- Родителите им се на редовно школување.

За деца земени на издржување детски додаток следува само кога и родителите и децата немаат имот или приходи од кои децата можат да се издржуваат.

Детскиот додаток следува и за деца кои се без родителска грижа а се сместени во згрижувачко семејство.

Висината на детскиот додаток изнесува:

– За дете до 15 години, односно додека е редовен ученик во основно училиште 5,50% од просечната плата исплатена во предходната година
– За дете од 15 до 18 години, односно додека е редовен ученик во средно училиште 8,50% од просечната плата исплатена во прегходната година.

Извор:

– Закон за заштита на децата од член 15 до член 23, Службен весник на Р.Македонија бр. 98/2001 од 23.11.2000
– www.uslugi.gov.mk

**Потреби документи за остварување на правото на детски додаток:**

1. Извод од матична книга на родени за децата (матична служба на МВР);
2. Уверение или решение за државјанство за децата и родителите (управа на МВР);
3. Извод од матична книга на венчани, за разведени родители пресуда за развод на брак, за починат родител извод од матична книга на умрените;
4. Лична карта на подносителот на барањето-фотокопија;
5. Потврда за редовен ученик од образовната институција каде што се школува ученикот или студентот ;
6. Решение за старателство од Центар за социјални работи, за деца кои се земени под старателство;
7. Решение, чек или потврда за остварен надомест од Биро за вработување;
8. Потврда за примања од работен однос, за лица вработени кај приватен работодавец и договор за работа;
9. Решение од пензија, чек или потврда од ФПИОМ;
10. Решение од ФПИОМ за корисник на странска пензија и потврда за висината(од банка, пошта или штедилница);
11. Решение, уплатница за исплата или потврда од ЦСР за корисници на постојана парична помош;
12. Решение, уплатница за исплата или потврда од ЦСР за корисници на социјална парична помош;
13. Потврда од биро за вработување за невработени членови на семејството;
14. Судско решение за доделена алиментација(од суд);
15. Потврда (доказ) за остварени приходи од: земјоделска дејност, вршење самостојна дејност или професија и приходи од имот и имотни права- од Управа за Јавни Приходи;
16. Судска регистрација(фотокопија на прилог бр. 2) за основачи на трговско друштво или установа(централен регистар);
17. Доказ за сопственост на недвижен имот( деловен простор);
18. Потврда за остварени приходи од привремена работа во странство(фирм ии слично);
19. Потврда за делот од примањата што ги остваруваат за работа во странство деташирани работници (од фирма);
20. Потврда за остварени приходи од дивиденти и камати од заштеди(банка, пошта, фирма);
21. Потврда за остварени примања по друг основ;
22. потврда (доказ) за бесплатно згрижување на дете во завод или установа;
23. Трансакциска сметка.

## Закон за заштита на децата
## 1. Детски додаток

| |
|---|
| **Член 15**<br>За покривање на дел од трошоците во подигањето и развојот на детето се обезбедува детски додаток како паричен надоместок. |
| **Член 16**<br>Право на детски додаток има еден од родителите на детето со постојано место на живеење во Република Македонија, ако:<br>-детето е државјанин на Република Македонија;<br>-детето е на школување во Република Македонија и<br>-детето не е државјанин на Република Македонија при услови на заемност.<br>Детски додаток може да оствари и старател за дете под условите утврдени во став 1 од овој член. |
| **Член 17**<br>Странски државјанин кој има живеалиште на територијата на Република Македонија може да оствари детски додаток за дете согласно со овој закон, ако ова право е уредено со меѓународен договор, под услов на заемност. |
| **Член 18**<br>Детски додаток се остварува во зависност од возраста на детето и материјалната состојба на семејството. |
| **Член 19**<br>Право на детски додаток има еден од родителите на детето до наполнување на 15 години возраст, а за постари деца ако се школуваат, додека имаат статус на редовен ученик.<br>По исклучок од став 1 на овој член право на детски додаток има еден од родителите и за дете кое поради болест или повреда е спречено редовно да ја посетува наставата и заради таквата спреченост вонредно го продолжува образованието согласно со закон. |
| **Член 20**<br>Материјалната состојба на семејството се утврдува врз основа на приходите и примањата кои ги остварува семејството и бројот на членовите на семејството. |
| **Член 21**<br>Семејство во смисла на овој закон го сочинуваат брачните, односно вонбрачните другари, децата родени во брак, вон брак или посвоени, посиноци, внуци без родители земени на издржување, родители и малолетни браќа и сестри (доколку немаат родители и се без средства за егзистенција), кои сочинуваат заедница на живеење. |
| **Член 22**<br>Детски додаток не следува:<br>-за дете кое поради воспитување, школување или оспособување е во завод или установа во кои целосно бесплатно е згрижено за време додека е во заводот или установата и<br>-за дете државјанин на Република Македонија кое стекнало право на детски додаток врз основа на меѓународен договор. |
| **Член 23**<br>Висината на детскиот додаток изнесува: |

1) за дете до 15 години живот, односно додека е редовен ученик во основно училиште 5,50% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во претходната година и

2) за дете од 15 до 18 години живот, односно додека е редовен ученик во средно училиште 8,50% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во претходната година.